Живко Фирфов



Мелограмска колекција

Песни 4

BuzAc

Живко Фирфов

Мелограмска колекција
Песни 4

Скопје, 2024 година

Живко Фирфов

Мелограмска колекција
Песни 4

Скопје, 2024 година

Живко ФИРФОВ
МЕЛОГРАМСКА КОЛЕКЦИЈА ПЕСНИ 4

Прво издание, Скопје, 2024.

Издавач
Buzarovski Archive

За издавачот
проф. д-р Димитрије БУЖАРОВСКИ

Уредници
проф. д-р Димитрије БУЖАРОВСКИ
проф. д-р Трена ЈОРДАНОСКА

Илустрации
Дафина ЈОРДАНОСКА

© Buzarovski, 2024

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

784.4.089.6(497.7)Фирфов,Ж.

ФИРФОВ, Живко
Мелограмска колекција [Електронски извор] : песни 4 / Живко Фирфов ; [уредници Димитрије Бужаровски, Трена Јорданоска ; илустратор Дафина Јорданоска]. - Скопје : Д. Бужаровски, 2024

Начин на пристапување (URL):
http://buzar.mk/. - Текст во ПДФ формат, XVI, 106 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 14.05.2024

ISBN 978-608-67089-3-1

а) Фирфов, Живко -- Мелограми б) Македонски народни песни -- Мелограми

COBISS.MK-ID 63661573

Предговор кон првата книга

Мелоѓрамската колекција Фирфов во ИРАМ/БузАр ја донесе синот на Живко Фирфов – Милан Фирфов во 2003 година. По дигитализацијата на касетната *Колекција Фирфов* со која започна дејноста на трансферот на аналогните звучни носачи со фолклорни материјали во дигитален формат во ИРАМ/БузАр во 2002 година, Милан Фирфов предложи да ги дигитализираме необјавените мелограми од Живко Фирфов, главно работени во 1970-тите години. Со Милан Фирфов уште во 1990-тите се обидовме во повеќе наврати да ги добиеме мелограмите од Живко Фирфов останати во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ кои Институтот не ги објавил. И тогаш, главната цел беше најнапред да ги препишеме со дигитален нотен процесор и на тој начин да ги подготвиме за објавување. За жал, во Институтот не наидовме на разбирање и по десетина години Милан Фирфов го донесе она што беше останато во нивниот дом.

Задачата да ги скенира и пренесе во нотен процесор ѝ беше доделена на Ирена Митевска (подоцна Ирена Митевска-Милевска) во тоа време студент на постдипломски студии на ФМУ и соработник во ИРАМ.

Митевска најнапред го скенираше оригиналниот материјал, а потоа мелограмите ги испиша во нотниот процесор Сибелиус. Воедно беше формирана и база со метаподатоците, во која беа евидентирани вкупно 383 единици. Целиот процес, вклучувајќи ги и проблемите во дигитализацијата, беше опишан во магистерскиот труд кој Ирена Митевска го изработи и одбрани во 2005 година.

Митевска вложи огромен труд во скенирањето и испишувањето на мелограмите, бидејќи нивното префрлање не беше техничка работа, туку на секој мелограм требаше да му се пристапи со големо внимание и разбирање и на музичките фрази и текстот и посебно на ракописот на Живко Фирфов. Така, Митевска ја направи првата редакција на овие мелограми при што договорено беше интервенциите да се прават исклучиво кај очигледни случајни грешки, односно мелограмите во Sibelius да се пренесат онака како што ги испишувал Живко Фирфов.

Во пролетта 2023 година одлучивме мелограмската колекција да се издаде во електронско издание, нешто за кое веќе имавме повеќегодишно искуство. На тој начин го задржавме и принципот да не бараме никакви финансиски средства, односно како и сите активности на БузАр и оваа да ја спроведеме на ентузијастичка, односно волонтерска основа. Задачата да ја направи оваа последна редакција и технички да го уреди изданието ја презеде Трена Јорданоска, која повеќе од една деценија ги подготвуваше изданијата на БузАр.

Исто така одлучивме дека изданието ќе го содржи мелограмот во дигиталниот формат (Сибелиус) и скенираните оригинални верзии од Живко Фирфов.

Со оглед на големиот број мелограми (383) одлучивме колекцијата да ја објавиме во повеќе изданија, кои би содржеле до 50 примери.

Најголемиот проблем што ја следеше дигитализацијата на овие мелограми беше што тие првично се работени како подготвителен материјал за натамошни изведби со оркестрите на Македонското радио и телевизија (МРТ). Затоа тие го немаат финалниот формат за печатење, односно објавување во книга. Сигурни сме дека ако Фирфов ги подготвувал за да ги предаде за уредување за печат, би пристапил на поинаков начин и како што се случува во другите изданија со негови мелограми, би ги категоризирал според одредени параметри.

Дилемите на Митевска каде и колку да се интервенира, се пренесоа и на вториот уредник Јорданоска, која дополнително внесе корекции за кои бевме сигурни дека се ненамерни грешки. На тој начин во целост е задржано основното ткиво на оваа мелограмска колекција изградено од нејзиниот автор Живко Фирфов.

Оригиналната верзија на мелограмите делумно содржеше и нумерација која уште при првиот дигитален трансфер не беше доследно следена. Како што кажавме, Фирфов не правел нумерација со групирање според категории, туку броевите на песните ги внесувал онака како што ги работел. И во оваа втора редакција си дозволивме корекции во редоследот на песните.

Постоеше опција кон песните да се додадат анализи за амбитусот и тонската низа (онака како што Фирфов го прави во повеќето од претходните печатени изданија со негови мелограми). Исто така, песните можеше да се организираат и според параметри, како на пример, метарот, или изедначат преку финската метода. Но, фактот што тие веќе се поставени во дигитален формат отвора можност дополнително, без потешкотии, да се прават анализи, посебно кога ќе се има предвид дека веќе живееме во времето на вештачката интелигенција.

Посебна благодарност искажуваме кон Дафина Јорданоска која со своите вињети придонесе ова издание да ја добие топлината и живоста на фолклорната музичка материја и на тој начин да се избегне сувопарноста и монотоноста на мелограмскиот запис.

Паралелно со подготовката на ова издание во БузАр започнавме со уште еден многу важен проект – *Мултимедијалниот корпус на македонски народни песни* (MCMFS). *Мелограмската колекција Фирфов* ја даде основата за првите песни кои влегоа во овој корпус, односно ги добија своите нумерички кодови. Со тоа дигитализацијата на оваа колекција уште повеќе доби во значење.

Охрид, 8 август 2023 година — Димитрије Бужаровски

Предговор кон втората книга

Во втората книга од *Мелоґрамската колекција Фирфов* беа применети моделите на претставување и уредување на песните што беа утврдени со првата книга од овој циклус. Веројатно, како што ќе напредува циклусот, ќе забележиме уште некои детали кои благодарејќи на електронското издание ќе можат дополнително да се коригираат и во веќе издадените книги. Исто така, со деталната обработка во подготовката на секоја нова книга ќе се потврдуваат и некои од констатациите од предговорот за првата книга.

Така, на пример, и во оваа книга се потврдува дека мелограмите се работени за снимање и изведување на песните. Затоа Фирфов во некои од нив додава и двоглас и триглас, кои се негова интервенција, односно не се дел од изворната варијанта на песната. Пример за ова е песната бр. 56 „Мариче на стол седеше“, која во аудио снимката од *Колекцијата Фирфов* има само еден глас, а во мелограмот три. Уште покарактеристичен пример е песната бр. 93 „Моме стое на бунарот“ во која се јавува полифонија која наликува на канон. Овој пример е датиран од 1955 година со што делумно е фрлена светлина за причините на ваквите интервенции. Како што знаеме, Фирфов во крајот на 1940-тите интензивно работел на формирање пеачки групи низ цела Македонија, (кои се разликуваат од хоровите), кои изведувале народни песни во изворната форма или во вакви обработки. Ова било во согласност со тогашните пролеткултовски тенденции и масовното негување на фолклорот, еден вид аматеризам, за што не биле потребни професионални диригенти.

Инаку, покрај овој пример, и во првата книга, а и во оваа среќаваме песни кои прв пат се запишани уште во 1930-тите (според назнаките на Фирфов), наспроти доминантниот број на песни мелографирани во 1970-тите. Во радио емисиите со искажувања на Живко Фирфов, кои исто така се дигитализирани во архивот ИРАМ/БузАр, се споменува дека Фирфов оставил 6,500 мелограми во Институтот за фолклор, за што говоревме и во предговорот кон првата книга. Секако, многу би било интересно да се направи споредба меѓу нив и оваа колекција за да се утврдат принципите според кои Фирфов ги мелографирал песните.

Во оваа смисла, веќе со уредувањето на оваа група песни утврдивме дека Живко Фирфов осмините ноти ги испишува со бајрачиња кога на секоја осмина припаѓа еден слог, а кога слогот продолжува и на следната нота, односно ноти, ги поврзува. Ова доследно го применува во сите мелограми.

И во првата и во втората книга забележавме варијанти на една песна. Примери има повеќе. Во песните бр. 60 „Излего да се прошетам“ и бр. 62 „Излегов да се прошетам“ од втората книга се поклопуваат насловите и почетните делови на текстот. Првата песна е од с. Гари, Лазарополе, а втората од Кичевско. Во мелодиските линии се јавуваат сличности, но метро-ритмичката структура е сосема различна. Почетната интонација исто така се разликува. Друг пример е песната бр. 67 „Ој Алт’но моме“, односно бр. 19 „Ej Алт’но моме“ (од првата книга), двете од с. Ѓоноица, Гостиварско. Кај нив почетната интонација (С), метро-ритмичката структура и стиховите се поклопуваат, меѓутоа втората фраза и орнаментиката е тоа што ги разликува. Во првата книга се појавува и песна со три варијанти: бр. 3 „Ја излези Стојне“, бр. 32 „Стојне, Стојне“ и бр. 34 „Ој мори Стојне“.

Како што напишавме во предговорот кон првата книга, нашата нумерација нема да се совпадне со онаа која потекнува од Живко Фирфов. Затоа и овде може да се забележат разлики во броевите кои се јавуваат во скенираните песни, со нашите броеви.

Во скенираните верзии од песните се јавуваа и додатоци, за кои констатиравме дека според ракописот, не потекнуваат од Живко Фирфов. Одлучивме тие да се јавуваат во останатите податоци за мелограмот во загради. Исто така, одлучивме да поставуваме прашалник во заграда, онаму каде што не се читливи забелешките од Фирфов. Таков е примерот со песната бр. 52 „Мита мете рамни двори“ во која се јавува текстот *Од ѓрупа иѓраорки на Гореш (?)*, во кој не е јасен последниот збор *Гореш*.

Кога се појавуваа големи разлики помеѓу стиховите потпишани под нотниот текст и текстот „во кутија“ (каде што се испишани сите строфи на песната), употребувавме варијанти А и Б, како на пример во бр. 55 „Ти моме, ти лудо“. Доколку разликите беа мали (на пример, бр. 44 „Горе на Пирина“) ги запишувавме во загради. Во овој пример се запишани и два различни наслови во нотниот и поетскиот текст. Примерот се јавува во аудиоколекцијата и одговара на поетскиот текст. Слична ситуација е со бр. 52 „Мита мети рамни двори“, која исто така се јавува во аудиоколекцијата, и која во запишаниот нотен текст има внатрешно проширување од еден такт, (7. такт – *дл̄го ме̄те*), кое го нема во поетскиот текст и снимената верзија.

Како што беше кажано и во предговорот кон првата книга, интервениравме само онаму каде очигледно нешто беше испуштено, како на пример, во песната бр. 68 „А бре попе“, каде во вториот такт недостасува предзнак пред тонот F, или во бр. 56 „Мариче на стол седеше“, каде имаше испуштени знаци за репетиции.

Во бр. 75 „Ој детенце“, одлучивме вториот глас кој Фирфов го додал и кој полифоно се спротивставува на основниот глас на песната, да го издвоиме на посебно петолиние.

Во песната бр. 52 „Мита мете рамни двори“ не беше јасен почетокот на четвртиот такт кој ние го усогласивме според почетокот од 11. такт. Во снимката од оваа песна на тоа место се јавува извик.

Во песната бр. 53 „Ќе дом Тинке вечер да те крадам“ во текстот исчукан на машина Фирфов внел корекции на две места: наместо *ми си*, името *Мице*. По внимателно преслушување на снимката од аудиоколекцијата Фирфов исполнета од Тина Ташева (бр. 979), одлучивме секаде да го замениме *ми си* со *Мице* (онака како што назначил самиот Фирфов), бидејќи очигледно е дека кај крајното *е* настапува редукција во *и*, карактеристична за егејските говори. Во снимката се јавува и бурдон кој Фирфов не го испишал. Фирфов исто така ја запишал од третиот стих натаму, така што го реконструиравме и почетокот на песната.

Скопје, 19 септември 2023 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

Предговор кон третата книга

Изработката на третата книга со мелограми од Живко Фирфов ги потврди заклучоците кои ги изнесовме во предговорите на претходните две книги. Во оваа смисла, и натаму се потврдува сознанието дека создавањето на оваа колекција било со практична намена, посебно за изведбите со чалгискиот ансамбл или со пејачки групи.

Песните од оваа колекција ги добивме организирани во три папки од самиот Фирфов. Така, со оваа книга завршуваат песните од првата папка и започнуваат од втората. Во претходните предговори веќе укажавме на отстапувањата помеѓу оригиналната нумерација на Фирфов и нашето издание на колекцијата. Овие разлики во нумерациите ќе бидат уште поистакнати натаму, како ќе се движиме низ колекцијата, бидејќи, на пример, во првата папка по песната „Бесилка се готви“ (кај нас бр. 102, изворно број 100) се појавуваат мелограми во кои нема конзистентна нумерација.

На почетокот на втората папка најпрво се вклучени списоци напишани од Фирфов со наслови на песни организирани според азбучен ред (дел од овие песни се вклучени во оваа збирка, но не можеме да откриеме за што бил наменет овој список). По нив следи издание за глас и пијано на композицијата *Biliana* (Based on a Theme Of A Macedonian Folk Song), Words and Music by Evan Georgeoff and Jivko Firfov, Concert Music Publishing Co., 1650 Broadway, New York 18, N. Y), како и листови со насловите и стиховите на песните „Вино пијам ем ракија“, „Јас те пратив на лозје Калино“, „Сношти минав покрај вази“, „Саноќ седам Трено“, „Ставај Донке“ и „Димна јуда“ испишани на машина.

Нашите сознанија поврзани и со аудиоколекцијата Фирфов, која исто така ја дигитализиравме во архивот ИРАМ/БузАр, говорат дека Фирфов и во снимањето и во мелографирањето ставал акцент на помалку познати песни, односно песни кои со време ќе се изгубат од репертоарот на народните пејачи. Се разбира, тоа не исклучува дека дел од нив останале популарни до денес, како на пример: бр. 114 „Пиле Трено“, бр. 115 „Черешна се од корен корнеше“, бр. 121 „Се посврши сербез Донка“, бр. 128 „Кажи Епсо“, бр. 130 „Болен ми лежи Миле Поп Јорданов“ (овде е мелографирана во 7/8, наместо 3/4 како што најчесто се изведува), бр. 143 „Ајде дали знаеш, паметуваш Милице“ и бр. 144 „Со маки сум се родила“, запишани во овој дел од мелограмската колекција.

Поголеми разлики во однос на содржината од претходните две книги, е појавата на песни од Македонија од други собирачи и мелографи, дел од нив издадени во други земји. Така, од бр. 106 до бр. 115 се јавуваат мелограми од Добри Христов (1875–1941, објавени како *66 народни п̄есни на Македонскит̄е Бълг̄ари*, Софија 1931; воедно хармонизирани за глас и пијано) и Лудвиг Куба (1863–1956, *Slovanstvo ve svých zpěvech, Písně makedonské*, Прага 1928). Затоа во забелешките кај овие песни ги вклучивме и списоците со броеви на песните нумерирани според изданијата на Христов и Куба. Исто така, видно е дека овие мелограми се напишани со поинаков ракопис од ракописот на Фирфов. Фирфов планирал да ја вклучи и песната „Сошила ми мајка елече“ (бр. 11 во изданието на Куба), бидејќи на задната страна на мелограмот бр. 107 ги запишал со фломастер стиховите на оваа песна. Во списоците на почетокот од втората папка Фирфов ги навел и песните „Темна магла низ полето“ (бр. 10 кај Христов) и „Димчета низам писале“ (бр. 12 кај Куба).

За песната бр. 119 „В царски палат“ Фирфов навел дека е изведена од информатор кој престојувал/бил од Софија, а е запишана од Иван Качулев во август 1958 година, но ракописот на мелограмот е на Фирфов. Песната бр. 121 „Се посврши сербез Донка“ е преземена од картотеката и нототеката на Радио Скопје, и во картичката за неа е наведено дека е запишана од М. Автовски во 1980 година. Таа е дел од од песните за кои Фирфов во аглите на мелограмите запишувал дека станува збор за одреден број на касета или лента, како и број на страница (на пр., бр. 143 „Ајде дали знаеш, паметуваш Милице“ и бр. 145 „Штом имаш мерак за мене“).

Секако, оваа книга ја издвојува и последната песна бр. 150 „Марш на македонските партизани“ (Фирфов навел во мелограмот дека ја работел во Горно Врановци, значаен политички и културен центар во кој во есента 1944 година се наоѓал Президиумот на АСНОМ, Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија и Главниот штаб на НОБ), и која, како и други партизански песни од овој период, се заснова на мелодија на советски авторски песни (во овој случај „Марш авиаторов“ од 1923 година). Таа е дел и од другите песни во оваа книга со тематика од НОБ, како на пр. бр. 116 „Стани, стани другар“ и бр. 143 „Буките развиваат браќа“.

И во оваа трета книга се јавуваат слични песни, на пр. бр. 103 „Садило моме“ и бр. 107 „Садило моме крај море лозје“ (изворно во изданието на Куба), кои се во различен тоналитет. Песната „Извор вода“ исто така се јавува во две варијанти, бр. 101 и бр. 127. Најголеми сличности се јавуваат кај песните бр. 117 „Блазе на Вичо Планина“ и бр. 118 „Блазе на Грамос Планина“, како и помеѓу песните бр. 63 „Ој Стојане сине“ (од втората збирка) и бр. 132 „Ој Стојане“. Песната бр. 131 „Ај детенце“ е варијанта на бр. 75 „Ој детенце“ од втората збирка, каде што се јавува во двогласна форма.

И во оваа збирка се појавуваат мелограми кои не се читливо запишани во нотниот текст. Таква е на пр., песната бр. 122 „Ај море седнала си Јана“ кај која постои двоумење за забележувањето во последните три такта. Во истата песна заради дијалектот и архаичниот изговор неразбирливи се зборовите од последната строфа. Неразбирливи зборови се јавуваат на повеќе места, на пр., бр. 124 „Кога мома умираше“. Во бр. 127 „Извор вода“ нејасно е името на информаторката Роска или Ратка. Во бр. 129 „Изникнало рајското цвеќе“ во насловот Фирфов го навел зборот *рајсконо*, кое го променивме во *рајскоѿо*, соодветно на текстот. Како и во претходните збирки, кај нејасните зборови поставувавме прашалник, на пр., бр. 136 „Не мети Милке дворови“ и бр. 141 „Огин го гори“.

Во збирката се јавуваат и песни во кои по завршувањето на пејачкиот нотен текст, Фирфов започнал да запишува друг нотен текст кој наликува на припев, хармонизација или дел кој треба да биде отсвирен инструментално. Посебно интересен пример е хармонизацијата преку басовата линија во песната бр. 135 „Митре Влаот“. Во мелограмите на песните бр. 124 „Кога мома умираше“ и бр. 127 „Извор вода“ се направени дополнителни интервенции во однос на прима и секунда волта, додавани се долни терци во мелодиската линија, а на крајот се јавува и нотен текст без стихови. Во песната бр. 127 се јавуваат грешки и во однос на метриката: Фирфов на почетокот забележал 7/8 такт, а песната е во 7/16 такт. Во песната бр. 147 „Таму долу крај Солуна“ 4/4 се заменети со 2/2 за да се добие конзистентност во метриката. Наша интервенција беше направена и во 7. такт на песната бр. 130 „Болен ми лежи Миле Поп Јорданов“, каде беше испуштена осмината која треба да кореспондира со слого-

вите на зборот *неѓоваша*. Во мелограмот на песната бр. 149 „Даскале, море, даскале“ забележавме грешка со внесување на предзнакот за тонот **as**, која ја коригиравме, бидејќи е јасно дека песната е во **B-dur**, посебно поради финалниот тон.

Еден од оние примери кај кои се појавуваат поголеми недоследности во обликувањето на мелограмот е песната бр. 145 „Штом имаш мерак за мене“ каде се јавуваат нелогични повторувања на фразите, скокови во потпишаните стихови и појава на цртички меѓу стиховите за кои не е јасно дали нешто треба да се повтори. Во овој случај, решивме оваа песна да ја оставиме како што ја затекнавме во мелограмот, без да правиме интервенции.

Проблематичен е и мелограмот на песната бр. 146 „Ајде пукна пушка“. Фирфов овде воопшто не ги запишал стиховите, можеби поради тоа што навел дека е снимена. Варијанта на оваа песна се јавува во изданието на Бранко Каракаш (*Анѳологија на македонски народни ѳесни*, Скопје 1995), но кај Фирфов е мелографирана за терца пониско. Во мелограмот се јавува и припев.

Интересна е да се спомене и песната бр. 126 „Ајде море млад беќар“ во која Фирфов назначил дека се пее како дијалог од женски и машки глас.

Воопшто, песните собирани од Фирфов имаат многу елаборирани текстови. Таков е примерот со песната бр. 133 „Каравиљо, кара ли те нана“, снимена во Кратово во 1954 година, и заведена со запис на Фирфов (претпоставуваме во 1973 година) во картотеката на Радио Скопје.

Скопје, 1 февруари 2024 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

Предговор кон четвртата книга

Четвртата книга од мелограмската колекција на Живко Фирфов ги зацврстува констатациите што беа искажани во предговорите за претходните три книги и ги проширува со нови информации и сознанија. Она што беше за нас посебно значајно е дека од застапените мелограми половината ги лоциравме во аудиоколекцијата, при тоа дел од песните најмалку со по две снимени изведби. Оваа комплементарност меѓу двете колекции овозможува подлабок увид и во карактеристиките на песните, но и во пристапот кон мелографирањето на Живко Фирфов. Имајќи предвид дека во една поширока смисла мелограмите се условна варијанта на песната, (бидејќи никогаш не е возможно мелограмот да биде дословна копија на изведбата, која, од друга страна, и кај ист изведувач може да варира од изведба до изведба), се доаѓа до суштината на музичкиот фолклор – тој егзистира во варијантите. Фиксирањето преку аудиозаписите ни оддалеку не значи дека тие се финалната верзија. Секое фиксирање на музичкото дело е само еден модус од неговата егзистенција. Уметничката суштина на музиката е во нејзината бескрајна креација. Со отворањето на *Мултимедијалниот корпус на македонски народни песни* (MCMFS), една од целните задачи беше да се добијат јадрата околу кои се градат варијантите на песните. Во некоја иднина кога ќе се постават што поголем број на песни, ќе може да се филтрираат и сознанија за основните модели околу кои се гради музичкиот фолклор, но и пошироко целата музика која на крајот потекнува од фолклорот. И во оваа колекција варијантите се градеа околу неколку елементи: во музичкиот дел – мелодиско-интервалските, метро-ритмичко, тонално-хармонските и артикулациските, и во текстуалниот – содржинските и изразните средства.

И во оваа збирка се јавија низа на песни од еден информатор (поголемиот дел се снимени и во аудиоколекцијата), на пример: од бр. 157 до 159 од Васка Пласкиева; од бр. 181 до 184 од Стеван Коцевски (во мелограмите е запишан со три различни имиња Стеван, Стојан и Славо); бр. 187 и 188 од Раде Здравковски; бр. 168 до 171 и бр. 174 од Павле Еринчев; и бр. 175 и 176 од Лазо Лазаров. Пет песни се од информаторот Миле Тодоровски бр. 195 и од бр. 197 до 200, а песни од него ќе се појават и на почетокот на следната збирка.

Дел мелограми се запишани на картички од Радио Скопје, како на пример, бр. 179 „Еднаш кога минав Ленче“, а во неколку мелограми забележани на нотна хартија Фирфов запишал снимена.

Пристапот на Фирфов кај запишаните припеви (кои вообичаено не се поставуваат во објавените збирки со народни песни, односно се оставени на придружните ансамбли и нивните водачи), е повеќе тие да бидат некој ориентир. Затоа се јавуваат испуштени предзнаци (бр. 157 „Планино Пирин планино“, бр. 169 „Мори моме Магде“, бр.175 „Таму долу под селото“, бр. 176 „А што беше мајка“ и бр. 198 „Се собрале комитите“ во кој е направена транспозиција), нечитливи тонови кои лежат и на линијата и во празнината на петтолинието, како и пропусти во бележењето на метро-ритмичките елементи (бр. 158 „Стефанке млада невесто“) и украсите (на пример, во бр. 176 „А што беше мајка“ во вториот такт забележаната група шеснаесеттини веројатно се изведува како украс). Затоа секаде при нивното финално бележење во Сибелиус е направена интервенција/корекција. Се јави и проблем со

бележење на квартолите и квинтолите, кои Фирфов некаде ги испишува со помалите нотни вредности, но ние одлучивме да не интервенираме за да се сочува неговиот пристап.

Кај песната бр. 158 „Стефанке млада невесто“ во првите шест такта не е внесен метарот и може да се претпостави дека кога би се средила соодветно ќе се јави комбинацијата 11/8 + 7/8. Следниот дел од песната во текстот е означен како брз (честа појава во македонскиот музички фолклор со прв бавен и втор брз дел), по што секако во исто брзо темпо би следел и припевот.

Песната бр. 167 „Заплакало е Мариово“ не е испишана до крај и се јавуваат и метричко/ритмички разлики од популарната верзија на оваа песна (во 8/8 метар). Веројатно Фирфов сметајќи дека е доволно позната повеќе внимание обрнал на текстот.

Кај песната бр. 156 „Пискот се слуша“ во воведниот дел, односно припевот, беа направени енхармонски замени на оние тонови кои во пеениот дел се забележани правилно.

Во оваа збирка се јавија четири песни со дополнителен мелограм покрај основниот со текстот. Така, во песната бр. 200 „Костадин душа збираше“ постои транспонирана верзија за голема терца надолу која Фирфов ја прешкртал, но ние одлучивме да ја препишеме, посебно што беше потпишан и текстот. Кај песната бр. 172 „Стегни го Јано, мори, орото“ ја вклучивме и втората варијанта со тоа што го потпишавме и текстот. Втората верзија од песната бр. 183 „Кога и да дојдам Наде“ не ја испишавме бидејќи недостасуваат предзнаци за да кореспондира со основната верзија. Во бр. 180 „Димчета војник го пратија“ исто така се појавува додатен запис кој не го префрливме во Сибелиус. Со оглед на структурата може да се претпостави дека Фирфов го замислил како припев.

Интервениравме и во текстовите, посебно онаму каде што Фирфов не го испишувал целиот текст, текстот не е соодветно поделен или заборавил да означи дека одреден стих или рефрен се повторуваат (такви примери се бр. 180 „Димчета војник го пратија“, бр. 164 „Сака цуцул да се жени“ и бр. 194 „Девојче бело“). Во бр. 183 „Кога и да дојдам Наде“, која е замислена како дијалог, направивме корекција на зборот *Наде* во *лудо* во шестата строфа поради обраќањето на женскиот лик кон машкиот.

Во бр. 151 „Засвири Стојан посвири“ и бр. 160 „Никнало цвеќе шарено“ во оригиналниот мелограм се потпишани по две строфи под нотите. Следејќи го нашиот принцип мелограмот во Сибелиус да ја содржи само првата строфа под нотниот запис, вторите строфи ги вклучивме во целокупниот текст на песната.

Во случај со песната бр. 154 „Стојна говеда тераше“, Фирфов не го запишал насловот, така што според традицијата на бележење на песните каде што недостасува наслов, го ставивме првиот стих. Покрај ова, направивме споредба и со варијантата на оваа песна во збирката *Македонски музички фолклор Песни 2* (Фирфов, Симоновски и Проданов 1959) бр. 306/43, каде исто така е забележано дека информаторот е од Куманово.

Во бр. 175 „Таму долу под селото“ вклучен е и текст на турски јазик. Стиховите на турски јазик ги оставивме онака како што ги забележал Фирфов со кирилично писмо.

На задната страна на листовите на кои се запишани песните бр. 196 „Стани моме стани“ и бр. 197 „Испрати ме малој моме“ се запишани стихови и од други песни („Што девојче видов“ и „Ај Бог да бие Мицко комита“) за кои не најдовме нотен запис и затоа не се вклучени во оваа колекција.

За нас беше интересна и песната бр. 164 „Сака цуцул да се жени“, бидејќи Живко Фирфов е препознатлив преку авторската хумористичната хорска композиција „Цуцул стои на грутка“. Не знаеме дали хумористичниот лик на птицата цуцул од бр. 164 го инспирирала за неговото хорско дело кое сепак има различна содржина.

Со оваа четврта книга се потврди и значењето на нашиот зафат и проект за дигитализација на мелограмите, и тоа не само преку скенирање, туку и запишување во дигитален нотен процесор. Минуциозната работа врз секој мелограм разоткри цели слоеви кои можеа да бидат незабележани при прегледот на скенираниот материјал, отвори нови прашања и дилеми и, секако, теориски теми за богатството на народното музичко творештво.

Скопје, 9 мај 2024 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

151
Засвири Стојан посвири




Засвирил Стојан, посвирил,
со шарен кавал, море, над село,
со шарен кавал, море, над село.

Дочула Стијна Попова,
метејќи рамни, леле, дворови,
метејќи рамни, леле, дворови.

– На ти ја мајко метлава,
да видам мајко мори, кој свири,
да видам мајко мори, кој свири.

Ако е лудо не женето,
чекај ме мајко мори, година,
со машко дете мори, на раце.



35

7. Zasviri Stojan posviri.

Rubato. skopsko.



-Na ti ja majko metlava,
Da vidam majko mori, koj sviri, -2
Ako e ludo ne ženeto,
čekaj me majko mori, godina
So maško dete mori, na race.

За кавалче

35

1. Oj, Stojanko velešanko.

palanećko

MM. 100




Ja ga dadov na majka mi,
dignala ga u ambari,
u ambari, bel pčenica,
sinoć bea trgovcite,
Drn mori, trgovcite,
trop mori, trgovcite.

Pokupija bel pčenica,
odnesoa šaren kaval.
- Oj, Stojanko velešanko,
će mi platiš s'belo lice.
Drn mori s'belo lice,
trop mori s'belo lice.

152

Ој, Стојанко велешанко



– Ој, Стојанко велешанко,
дека белиш бело платно?
– Тамо доле у ливаде,
у ливаде крива река,
дрн мори, крива река,
троп мори, крива река.

– Ој, Стојанко бре, девојко,
дали најде шарен кавал?
– Ој, Стојане ја го најдов,
синоќа га дом' однесов,
дрн море, дом' го 'днесов,
троп море, дом' го 'днесов.

Ја га дадов на мајка ми,
дигнала га у амбари,
у амбари, бел пченица,
синоќ беа трговците,
дрн мори, трговците,
троп мори, трговците.

Покупија бел пченица,
однесоа шарен кавал.
– Ој, Стојанко велешанко,
ќе ми платиш с'бело лице,
дрн мори, с'бело лице,
троп мори, с'бело лице.



Останати податоци на мелограмот: Паланечко

153
Ожени се млад Стојане



Ожени се, море, млади Стојан,
зема жена, море, дип убава,
за јадење, море, подјајае,
за рабоа, море, ич не чуе.

Све девојке, море, и невесте,
се собрале, леле, на пределку,
која везе, море, која плете,
Стојаница, море, вуна преде.

Кошулчиња, море, извезени,
чорапчиња, море, исплетени,
Стојаница, море, дома ојде,
со вуната, море, не предена.

Па викнала, море, да се кара,
– Ој, Стојане, море, млад Стојане,
ја искачив, море, два три пати,
нашта вуна, море, не предена.

Па и зема, море, сировица,
па искочи, море, у дворови,
па почнаја, море, да удара,
десет удри, море, една брои.



Останати податоци на мелограмот: Паланечко

37

2. Oženi se mald Stojane.

MM. 100

palanećko.




Sve devojke more,i neveste,
se sobrale lele,na predelku,
koja veze more,koja plete,
Stojanica more,vuna prede.

Košulčinja more,izvezeni,
čorapčinja more,ispleteni,
Stojanica more,doma ojde,
so vunata more,ne predena.

Pa viknala more,da se kara,
- Oj,Stojane more,mlad Stojane,
ja iskačiv more,dva tri pati,
našta vuna more,ne predena.

Pa i zema more,sirovica,
pa iskoči more,u dvorovi,
pa počnaja more,da udara,
deset udri more,edna broi.

37



154

Стојна говеда терала



Стојна говеда терала,
јем ги терала плакала,
дочу гу Стојан низ лозје,
– Што ти е Стојно, та плачеш?

– Да знаеш, Стојан, да знаеш,
как'в је милост ју младост,
матику би си јоставил
ју руке би ме земаја.


Ју руке би ме земаја,
на коња би ме качија,
на коња би ме качија,
та дома би ме јоднеа.

Јод коња би ме земаја,
ју собу би ме јоднеја,
ју собу би ме јоднеја,
ју собу би ме јунеја.


Ју собу би ме јунеја,
на кревет би ме турија,
на кревет би ме турија,
сос јорган би ме завија.

Сос јорган би ме завија,
кра мене би си легнаја,
кра мене би си легнаја,
ју лице би ме цунаја.

Ју лице би ме цунаја,
ју чело би ме цунаја,
ју пазуке би бркнаја,
ју пазуке би бркнаја.



Останати податоци на мелограмот: Кумановско


Куманово
38
Стој на ју-ве-ра ис-
Јел ја те-ра-ла ја-
рала
кала, До тој ју Стојан низ
Мајце што ме Стојно, што ме плачеш?
Да знаеш Стојан да знаеше
Каква ме тешка ју кајдуса
Планику би се до сиљеше
Ју руке би ме земаја:
Ју руке би ме земаја,
На коња би ме качија
На дома би ме јорнеа
Ју коња би ме земаја
Ју собу би ме јорнеа:
Ју собу би ме јукеја,
Ју собу би ме јорнеа
На кревет би ме турија -2
со јорган би ме завиваја
Со јорган би ме завеја
Ја јене би се легнаја -2
Ју муце би ме цуваја:
Ју муце би ме цуваја,
Ју јене би ме јукаја
Ју мазуке би оркнаја -2
38



155
По поле одат аргати




По поле одат аргати, аргати млади невести, (x2)
афион ќе ми копаат, по тија ниви велешки. (x2)

Напред ми оди Гроздана, Гроздана мома убава, (x2)
песни ми пејат ајдушки, ајдушки ем партизански. (x2)

Песни ми пејат ајдушки, ајдушки ем партизански, (x2)
И во песни зборуват, смрт или слобода. (x2)



Останати податоци на мелограмот: Т. Велес


39
Во поле оратаи орјатеи
Т. Велес
Во-по-ле о-рат орјатеи, орјатеи млади невес-теи
а-фион ке ми ко-па-ат, по шија ни-ви белеш-ки – г
Пајтерф ми оди Грозјана, Грозјана, Дона Дуваа – г
Песни ми бејат орјушки, орјушкиеи партизански, – г
Песни ми пеат пејушки орјушки еи партизанеи – г
И во песни зборуваш смрт ни слобора – г

156

Пискот се слуша




Пискот се слуша во горна Дебарца,
земјата се затресе,
пушки згрмеја, топои (с)трештеја,
народот заплака,
пушки згрмеја, топои (с)трештеја,
народот заплака.


Целиот се народ од горна Дебарца,
низ гора разбега,
со солзи на очи песни пееше,
храбро се бореше,
со солзи на очи песни пееше,
храбро се бореше.

Коста Ангелов од Арбиново,
тогаш загина,
со пушка на рамо, куршум пронизан,
Коста/*в'срце* го ранија,
со пушка на рамо, куршум пронизан,
Коста/*в'срце* го ранија.

Со сета сила Коста извика,
да не ме жалите,
удрете браќа, не предавајте се,
за нашта слобода,
удрете браќа, не предавајте се,
за нашта слобода.




Пиеска се слушна
Пиеска се слушна, по Горна Дебар-ца, Зелја та се
За тре- - - се
Туш кизгр-меја
то-мои трет-те-ја
на-ро-дот за-ла-ка
1-мо
2
ка


15Б
2. Целиот се надоврв од Горна Дебарца
Низгора разбеа,
со сонце не оти, песни боше
Храбро се борат
2
39
3. Коста Апчев од Гарбиново
Тогаш зеде
со пушка на рамо, куршум гроznaзе.
2
Крене го рацете
4. Со сета сила Коста Извика
Да не се плаше,
Удрете о рака, не предавај те се
За нашата слобода.
2

157
Планино Пирин планино



Песна од мачноѿо минаѿо
Песна за Пирин


Планино Пирин планино,
(м)ногу си Пирин убава,
(м)ногу си Пирин убава,
како невеста китена.

Со тија буки високи,
со тија сенки широки,
со таја трева зелена,
и бистра вода студена.

Дење ти свират кавали,
ноќе ти пејат славеи,
лете те газат овчари,
зиме те газат војводи.

Млад Гоце Делчев војвода,
и млади Јане Сандански,
по тебе чети водеја,
за слобода се бореа.

Останати податоци на мелограмот: Васка Пласкиева


Васка Пласкова
Пленна Невяста Планина
40
3
Песен
Планина планина планина
планина планина планина
планина планина планина
Крилев



Песна _ од мачното минато 40

4


Планино Пирин планино
многу си Пирин убава
многу си Пирин убава
како невеста китена

Со тија буки високи
со тија сенки широки
со таја трева зелена
и бистра вода студена

Дење ти свират кавали
ноке ти пејат славеи
лете те газат авчари
зиме те газат војводи

Млад Гоце Делчев војвода
и млади Јане Сандански
по тебе чети водеја
за слобода се бореа.

Васка Пласкиева



2 Песна за Пирин 40

I
Планино Пирин планино
многу си Пирин убава
многу си Пирин убава
како невеста китена.

II
Со тија буки високи
со тија сенки широки
со тија трава зелена
и бистра вода студена.

III
Дење ти свират кавали
ноќе ти пејат славеи
летите газат овчари
зиме те газат ~~војводи~~ борци

IV
Млад Гоце Делчев војвода
и млади Јане Сандански
по тебе чети водеја
за слобода се бореа. Васка Пласкиева

158
Стефанке млада невесто



А

Стефанке млада невесто,
ја ќе си одам на гости,
у чичови на седенка,
ти да ме чекаш, дочекаш.




Б

Стефан, Стефанка думаше,
Стефанке прво либе ле,
јас ќе си одам на гости*
у чичовите на седенка*
ти да ме мене дочекаш.*
Портите да ми отвориш,
среде двор да ме дочекаш.
Ако ме Стефке не чекаш,*
главата ќе ти ја отсечам, *
како на јагне Ѓурѓово,*
како на пиле Петрово.
Седнала Стефка да преде,
девет вретена напрела,
десетото го почнала,*
уште го нема Стефана,*
портите да му отвори,
среде двор да го дочека,
Бог да ја бие нејна свекрва,
на Стефанка она думаше,
легни си Стефке преспи си,*
кога ќе Стефан прочука,*
јас ќе те тебе пробудам,*
портите да му отвориш,
среде двор да го дочекаш.
Легнала Стефка заспала,
ете го Стефан кај чука,*
чукна ми Стефан, пофтори,*
уште ја нема Стефанка.*
Портите да му отвори,
среде двор да го дочека,
Бог да ја бие негова мајка,
слегнала па отворила,
и на Стефана говори,*
Стефане, сину Стефане*
како си сину излегол,*
како е Стефка легнала,
ич жива не се сторила.

* - *брзо*


Останати податоци на мелограмот: Љубовна, За женска пејачка група велешанки, Божидар Милошевски, Васка Пласкиева, Велес



СТЕФАН СТЕФАНКА ДУМАШЕ
СТЕФАНКЕ ПРВО ЛИБЕЛЕ
ЈАС ЌЕ СИ ОДАМ НАГОСТИ
У ЃИЧОВИТЕ НА СЕДЕНКА
ТИ ДАМЕ МЕКЕ ДОЧЕКАШ
ПОРТИТЕ ДАМИ ОТВОРИШ
СРЕДЕ ДВОР ДАМЕ ДОЧЕКАШ
АКО МЕ СТЕФКЕ НЕЧЕКАШ
ГЛАВАТА ЌЕТИЈА ОТСЕЧАМ
КАКО НАЈАГНЕ ЃУРЃОВО
КАКО НА ПИЈЕ ПЕТРОВО
СЕДНАЛА СТЕФКА ДА ПРЕДЕ
ДЕВЕТ ВРЕТЕНА НАПРЕЛА
ДЕСЕТОТО ГО ПОЧНАЛА
УШТЕ ГО НЕМА СТЕФАКА
ПОРТИТЕ ДАМУ ОТВОРИ
СРЕДЕ ДВОР ДАГО ДОЧЕКА
БОГ ДАЈА БИЕ НЕЈКА СВЕКРВА
НА СТЕФАНКА ОНА ДУМАШЕ
ЛЕГНИСИ СТЕФКЕ ПРЕСПИСИ
КОГА ЌЕ СТЕФАН ПРОЧУКА
ЈАС ЌЕТЕ ТЕБЕ ПРОБУДАМ
ПОРТИТЕ ДАМУ ОТВОРИШ
СРЕДЕ ДВОР ДАГО ДОЧЕКАШ
ЛЕГНАЛА СТЕФКА ЗАСПАЛА
ЕТЕГО СТЕФАН КАЈ ЧУКА
ЧУКНА МИ СТЕФАН ПОФТОРИ
УШТЕ ЈА НЕМА СТЕФАНКА
ПОРТИТЕ ДАМУ ОТВОРИ
СРЕДЕ ДВОР ДАГО ДОЧЕКА
БОГ ДАЈА БИЕ НЕГОВА МАЈКА
СЛЕГНАЛА ПА ОТВОРИЛА
ИКА СТЕФАНА ГОВОРИ
СТЕФАНЕ СИНУ СТЕФАНЕ
КАКО СИ СИНУ ИЗЛЕГОЛ
КАКО Е СТЕФКА ЛЕГНАЛА
ИЌ ШИВА НЕСЕ СТОРИЛА

БРЗО
БРЗО
БРЗО
БРЗО
БРЗО

Ѓорѓи Јолшевски



В

Стефан на Стефка думаше,
Стефанке млада невесто,
ја ќе си одам на гости,
у чичови на седенка.

Ти да ме чекаш, дочекаш,
може ја пијан да дојдам,
портите да ми отвориш,
и млада да ме прегрнеш.

Чекала Стефка чекала,
први ми петли пејале,
и честите зачестиле,
уште го нема Стефана.

Тешка ја дремка навали,
легнала Стефка заспала,
баш тогај Стефан ми дошол,
чука, тропа на портите.

Луто се Стефан разлуте,
портите ми ги искрши,
и влезе темна одаја,
каде што Стефка спиеше.

Извади нож од ножница,
прободе Стефка во гради,
па сврте ножот во него,
дваица мртви паднаја.

159

Огин гори градот



Огин го годи градот Крушево (Крушово),
огин го гори, пепел се стори,
го запалија клети душмани,
го запалија од сите страни.

(реф.)
Славен ми станал, тој Мечкин камен,
таму крв се лее, а Крушево (Крушово) тлеје.
Ајде Крушево (Крушово), ти славен граде,
девесто трета ногу жртви даде.

Пламен се дига горе високо,
огнот се шири доле широко,
пискот се слуша ногу далеку,
дури до Пирин и до Солуна.


(реф.)



В'пламен се борат,
славни војводи,
фрлајат тешки бомби патрони,
Македонија глас ми разлеја,
Никола Карев знаме развеја. (?)

(реф.)

Останати податоци на мелограмот: Борбена, За група велешанки, Васка Пласкиева, Велес



1 Песна борбена.

I

Огин го гори градот Крушева
огин го гори пепел ее стори
го запалија клети душмани
го запалија од сите страни

Ref. Славен ми стана
тој мермерен камен
таму крв ее лее
а Крушево гине
каде Крушево ти славен граде
девесто херои многу жртви даде

II

Пламен ее дига горе високо
огнот ее шири доле широко
тиркот ее слуша ноќу далеку
дури до Жирин и до Соолунска

реф. — II — II — II — II —


42

Вилајќи ее борат —
славни војводи
фрлајќи тешки бомби патрони
Македонија гине ми разлеја
Никогла Вардар нашиот разбија

реф. II — II — II — II —

Васка Пласкиева

160
Никнало цвеќе шарено



Никнало, никнало жутото цвеќе,
никнало, никнало жутото цвеќе, жутото цвеќе.

Д'њум го, д'њум го мома вардеше, ноќум,
ноќум го, ноќум го беќар крадеше, беќар крадеше.

Дej ѓиди, дej ѓиди беќар будала,
дej ѓиди, дej ѓиди беќар будала, беќар будала.

Не знаеш, не знаеш, моме да љубиш,
ток знаеш, ток знаеш цвеќе да крадеш, цвеќе да крадеш.


Мома го, мома го љуто прокуна,
мома го, мома го љуто прокуна, љуто прокуна.

Од лешник, од лешник вода да пиеш,
и тоа, и тоа многу да ти е, и тоа да ти је.

На сламка, на сламка да се потпираш,
и тоа, и тоа многу да ти је, многу да ти је.



Останати податоци на мелограмот: Женска група, Тетово


43
Р. Т. СНОПЛЕ
МУЗИЧНА ПРОДУКЦИЈА
Никнало, цвеке шарено Тетово
Ник-на-ло, ник-на-ло, Шу-што-што- цве- ке
Ну-ким го ну-ким го мака вар-де-ше но- ким
Ник-на-ло, ник-на-ло, Шу-што-но цвеке Шу-што-то
но-ким го, но-ким го бе-кар кра-де-ше, бекар кра-
цвеке
де-ше.
Дај ѓиди, дај ѓиди бекар бидала, бекар бидала
не знаеш, не знаеш моме да љубиш,
ток знаеш, ток знаеш цвеке да крадеш, цвеке да крадеш
моме го, моме го, вуто прокуна-
моме го, моме го, вуто прокуна, вуто прокуна
од лешник, од лешник вода да пиеш
и тоа, и тоа мојту да пиеш, и тоа да пиеш
на слама, на слама, да се потпреш
и тоа, и тоа мојту да пиеш, мојту да пиеш.

161
Слушајте браќа



Слушајте браќа, селани,
селани Папрадишани,
над село дошле качаци.

Мумиш Бекир и Мифтари,
наметнале пушки берданки,
и неколку стари мартинки.

Со многу коњи тргнале,
Деловци ми нападнале,
голема пљачка фатиле.

Делова ќерка грабнале,
Делов Ордан се борел,
двајца со косор обори.

Двајца со косор оборил,
сестра си си ја избавил,
а Ордан смртно загинал.

Брат му Кочо огин отворил,
и по него Зограф прозборил,
и по него Зограф прозборил.


Слушајте браќа, селани,
селани Папрадишани,
од село не ми бегајте.

Земете пушки, секири,
удрете Мемуш, Бекири,
селото да го спасиме.

Челадта да куртулиме,
цело се село дигнало,
качаци клети прогнале.



Останати податоци на мелограмот: Т.Г., За снимање со машка пејачка група


За снимање со
М.П. ГРУПА
За мешка група
Слушајте браќа
44
Слушај-те бра-ќа, се-ла- - ни,
се-ла-ни пејќа - да-ша - ни - - - Надсело
да-ше ка-ча - - - ци.
1. Мелник Бекир и Џиферџе,
Напаѓале турци бердачи,
И нехајну сѝгаре Мариинци
3 Со Шејну Ќаја ѝдрѝнале,
Целовци ми напаѓале,
Голема ѝлачка фатиле
4 Целова Ќерка грабнале
Целов Ардинце барел,
Дваѝца со Косор бѝарил
5 Дваѝца со Косор бѝарил,
Се ѝтрасил ѝа избавел,
А Ардан смирно заѝтанал.
6 Браќу му Кого отиѝ онѝварил
И по него Зограф ѝразбарил. - 2
7 Слушајте браќа селани
Села ѝи Маиранчани,
Од село не ѝи бегајте
X
8 Земјѝи ѝушки бекири,
Удрете мелѝци, бекири,
Селото да го спасите.
9 Геладна да крѝтулите,
Цело се село фиѝнало,
Качаци Клепи ѝрѝнале

162
Еј другари




Еј другари, браќа мили,
пуштете ме дома да одам,
да го видам мојто либе,
мојто либе верна Донка,
да го видам мојто либе,
мојто либе верна Донка.


Кога влегов во селото,
чув дека чукат камбаните,
това било мојто либе,
мојто либе верна Донка,
това било мојто либе,
мојто либе верна Донка.

Оставете да ја видам,
открите ја да ја целивам,
това ми е мојто либе,
мојто либе верна Донка,
това ми е мојто либе,
мојто либе верна Донка.

– И да ја видиш, фајде немаш,
белото лице потемнело (пожолтело),
црни очи затворени,
белите раце заклучени.



Останати податоци на мелограмот: М. п. група, За сн. со м. група


За сн. со м. Труп а
45
Еј дружбари
Ж. Фирфов
Еј друга-ри – бра-ка, ли-ли, пуш – те-те ме,
дома да о-дам, да го ви-дам, мојто ли-бе,
мојто ли-бе вер-на Дон-ка, ка.
1.
2
2 Која влегов во селото –
Пув дека пукаа камбаните
Това било мојто либе
Мојто лице верна понка. /2 45
3 Отворете да го видам
Откријте да да го бакнам
Това ми е мојто небе.
Мојто лице верна Донка. /2
4 – Да да го видиш, оф ајде, немам
Целосно лице пошеметено. (можеше)
Црни очи затворени,
Белите раце закрстени.
Р. Т. СКОПЈЕ
МУЗИЧКА ПРОДУКЦИЈА

163

Абер ми дојде




Абер ми дојде, џанам,
за тој млади Ѓуро,
аскер да оди Ѓуро,
на турска граница,
на турска граница, џанам,
до девет години.

Ѓуровица млада, џанам,
позади врата седи,
и китка си кити, џанам,
ран ми бел, босилок,
и китка лажова, џанам,
со црвена коприна.


Еве ти Ѓуро, џанам,
китка ти да носиш,
во левата страна Ѓуро,
близу до срцето,
во левата страна Ѓуро,
близу до срцето.

Дури е китка Ѓуро,
росна и млада,
до тогај знај Ѓуро,
оти јас те чекам,
до тогај знај Ѓуро,
оти јас те чекам.

Кога ќе китка Ѓуро,
китка ќе увени,
до тогај знај Ѓуро,
оти сум мажена,
оти сум мажена Ѓуро,
за друго момче.



Останати податоци на мелограмот: од а пее Т. Ташева, М. Гацева


46
Кас. О Дабер ли дојде
од с. Г. Тошево
м. Разлог
А-бер ли дој-де ца-нам за тој мла-дој,
го---ро, ае-Кер да о--дн гу-ро,
на ту-ска гра-ни-ца ца-нам
на тур-ска гра-ни---ца
до ге-вет го---ди---ни.
2 Гуровица млада, цанам, 46
по зади врата седи,
и Китка си Китиш, цанам
рач ли бел, бостлок.
и Китка лалеве, цанам
со урбена, Кетрина.
Све тие Гуро, цанам
Китка ли да Носиш,
во левата страна Гуро,
близу до срцето.]2.
Гури е Китка Гуро,
росна и млада,
до тогај знај Гуро
отиш уште гекам.-2
Која ке Китка Гуро,
Китка ке урбени,
до тогај знај Гуро,
отиш сум Манека
Отиш сум Манека Гуро
за друго Момче.

164

Сака цуцул да се жени



Сака цуцул да се жени, дос, дос, дос,
сака цуцул да се жени, дос, дос, дос.
Да се жени ем далеку, дос, дос, дос,
да се жени ем далеку, дос, дос, дос.
Да се жени ем далеку, дос, дос, дос,
да се жени ем далеку, дос, дос, дос.

Си поканил сватовите, дос, дос, дос,
сто сватови, сто цуцули, дос, дос, дос.
Сите биле ѓувезлии, дос, дос дос,
сите биле калпаклии, дос, дос, дос.
Сите биле ѓувезлии, дос, дос дос,
сите биле калпаклии, дос, дос, дос.

А што беа деверите, дос, дос, дос,
два девера, два џивџана, дос, дос, дос.
Млада кума, ситна сипка, дос, дос, дос,
ситна сипка, жолтовејка, дос, дос, дос.
Се спремаа сватовите, дос, дос, дос,
си појдоа по невеста, дос, дос, дос.


Ја земале невестата, дос, дос, дос,
се вратиле насред патот, дос, дос, дос.
Заиграле, запејале, дос, дос, дос,
се зададе едно сокле, дос, дос, дос.
Едно сокле од планина, дос, дос, дос,
и си стаса до сватови, дос, дос, дос.

Разбегале сватовите, дос, дос, дос,
сватовите цуцулите, дос, дос, дос.
По угари, по грутките, дос, дос, дос,
а што беа деверите, дос, дос, дос.
Се сокриле под сусерки, дос, дос, дос,
под сусерки, до сам патот, дос, дос, дос.


А што беше млада кума, дос, дос, дос,
се сокрила под лепешки, дос, дос, дос.
А што беше млади цуцко, дос, дос, дос,
млади цуцко младожења, дос, дос, дос.
Си остана сам с'невеста, дос, дос, дос,
и се држат за пердуви, дос, дос, дос.


Цуцко наду пердувите, дос, дос, дос,
како бивол голем стана, дос, дос, дос.
Па уплаши сиво сокле, дос, дос, дос,
ојде в'поле пусто сокле, дос, дос, дос.
Се прибраа сватовите, дос, дос, дос,
кинисаа дури дома, дос, дос, дос.

Испаднаа сватовите, дос, дос, дос,
се прибраа деверите, дос, дос, дос.
Сит' заедно сосе кума, дос, дос, дос,
кинисаја дури дома, дос, дос, дос.
Сит' заедно сосе кума, дос, дос, дос,
кинисаја дури дома, дос, дос, дос.




Останати податоци на мелограмот: Санде Зафиров, Велес


Сапе Зафиров ВЕЛЕС
48
САКА ЦУЦУЛ ДА СЕ ЖЕНА
САКА ЦУЦУЛ ДА СЕ НЕ-НИ, ДОС, ДОС, ДОС, ДОС, ДОС, ДОС.
МА СЕ НЕ-НИ ЕМ, ДА-ЛЕ-КУ, ДОС, ДОС, ДОС, ДОС, ДОС, ДОС.
Си поканил сватовите, дос - - - Разбегале сватовите дос,
Сто сватови сто цуцули, дос - - - сватовите, цуцулите дос
Сите биле гу безими, дос - - - по дуари, по бутките дос
Сите биле калпакчии дос - -
А што беа деверите дос
се сокриле под сусерки дос
под сусерки до сам патос дос
А што беше млада Кума дос
се сокрило под лепешки дос
А што беше млади цуцко
млади цуцо, миле дневно - дос
си обиколи сам невеста дос
и се фрнаа за перуви дос
48


Цуцуле мари Перуване
Кое биле голем сине
па уплаши сиве соколе
Оде в поле пусто сокле
се приобрао сватовските
Кинисаа фури дома
(повторно сватовите
се приобрао деверите
сите заедно, еосе кума
Кинисаа фури дома дос.
48
16

165


Ја пратија Македонка на вода



Ја пратија Македонка на вода,
вода да донесе, ѵанам, од чешма,
вода да залее, дома да се најде,
пред да сонце зајде,
вода да залее, дома да се најде,
пред да сонце зајде.


Па си реши да не оди на вода,
вода да не носи, ѵанам, од чешма,
вода да не лее, с либе да се најде,
пред да сонце зајде,
вода да не лее, с'либе да се најде,
